# Правилник за натпреварот

## 1. Општи одредби

Дану Медиа дооел Скопје (во натамошниот текст: организаторот на натпреварот) е домаќин на интерактивен онлајн натпревар "Први меѓу еднаквите", кој ќе се одржи помеѓу 10.06. и 14.06.2013 година, на интернет страницата Рингераја.мк (ringeraja.mk)

## 2. Кој може да учествува?

Во натпреварот имаат право да учествуваат сите регистрирани членови на Рингераја.мк. Натпреварот не е отворен за вработените во ДАНУ МЕДИА, како и за надворешните соработници на организаторот (модераторите на форумот). Доколку при проверка на податоците за победниците на дневни или вкупни награди се увиди дека постои повреда на оваа одредба, наградите ќе се распределат на следниот натпреварувач, по претходно утврдена класификација, а кој учествувал во согласност со правилата.

## 3. Пријава за учество

Со учество во натпреварот членот нема никакви дополнителни обврски или ограничувања на употребата на општите услови на порталот Рингераја.мк, а исто така, има право да се повлече од натпреварот, или да ја одбие освоената награда. Посебно барање за учество во натпреварот не е потребно. Натпреварувачот мора да биде најавен на порталот за да може да му се забележат освоените поени.

## 4. Тек на натпреварот

Организаторот во понеделник, 10.06 2013 година ќе ги повика сите членови на порталот Рингераја.мк активно да учествуваат во натпреварот, преку вести во e-newsletter, објава на Фејсбук страницата и една статија на порталот. На порталот ќе биде отворена и нова рубрика со сите информации во врска со натпреварот, вклучувајќи ги и правилата. Натпреварот официјално ќе започне во понеделник,10 јуни 2013година во 6 часот наутро, а ќе заврши во петок, 14 јуни 2013 година, во 15:59 часот. Натпреварот ќе биде во прекин секој ден во периодот од 00:00 – 05:59 часот.
Главната цел на натпреварот е да се соберат што повеќе поени и да се освои некоја од дневните или вкупните награди. Натпреварувачите ќе собираат поени на два начина, со користење на порталот (листата на активности за кои натпреварувачите ќе добијат поени може да се најде во точка 5. од Правилникот) и од собирањето на Винчини производи - симболи на спонзорот, кои наизменично ќе се појавуваат на страниците на порталот Рингераја.мк.

Секој ден од натпреварот, натпреварувачот започнува со 0 поени во дневна класификација и збир на сите поени од претходните денови, во натпреварувањето во целина. Денови на натпреварот се:

- Понеделник, 10.06.2013 (помеѓу 06:00 и 23:59)

- Вторник, 11.06.2013 (помеѓу 06:00 и 23:59)

- Среда, 12.06.2013 (помеѓу 06:00 и 23:59)

- Четврток, 13.06.2013 (помеѓу 06:00 и 23:59)

- Петок 14.06.2013 (помеѓу 06:00 и 15:59)

Натпреварувачите се натпреваруваат секој ден за да постигнат одреден ранг во дневните задачи, на следен начин:

1. Дневна класификација на сите собрани поени, тој ден
2. Дневна класификација на поени собрани од користење на порталот тој ден,и
3. Дневна класификација на поени собрани од Винчини производи, тој ден.

Ако натпреварувачот се пласира меѓу првите 5 натпреварувачи во првата класификација (1) со вкупно собрани поени тој ден, во првите 3 натпреварувачи во втората класификација (2) или во трета класификација (3) добива дневна награда (погледни 6. точка – Награден фонд). Секој натпреварувач во текот на натпреварот може да добие само една дневна награда. Покрај една дневна награда секој натпреварувач може да добие и една од главните награди кои ги доделува организаторот, на натпревачувачите со најмногу собрани поени во текот на петте дена од натпреварувањето. Главните награди се доделуваат во три категории и тоа:

- Првите 10 натпреварувачи во категоријата "Сите поени"
- Првите 5 натпреварувачи во категоријата "Сите поени на користење на порталот," и
- Првите 5 натпреварувачи во категоријата "Сите поени од собирање Винчини производи."

Без оглед на дневните или вкупно освоените награди секој натпреварувач исто така, може да добие и специјална награда, која се доделува на натпреварувач кој меѓу обичните Винчини производи ќе открие специјална Алми кравичка (повеќе за оваа кравичка на Први меѓу еднаквите>Резултати> Специјална Алми кравичка). Секој ден од натпреварот на порталот ќе биде прикажано само една специјална Алми кравичка и среќниот пронаоѓач автоматски ќе има право на награда (повеќе за наградите може да се проч ита во точка 6. од Правилникот).
Освен натпреварувањето меѓу поединците на порталот, исто така, ќе се одржи натпревар меѓу петте сестрински портали Рингераја, односно Ringeraja.mk од Македонија, Ringeraja.hr од Хрватска, Ringeraja.ba од Босна и Херцеговина, Ringeraja.rs од Србија и Ringaraja.net од Словенија.
Порталот чии членови во петте натпреварувачки денови ќе соберат најмногу поени,без оглед на начинот на кој се тие освоени, ќе биде прогласен за Прв меѓу еднаквите!
Резултатите од натпреварот во март може да ги видите **ТУКА**.
Натпреварувачите ќе имаат можност во секој момент од денот да пристапат до ажурираните податоци за моменталната состојба, во сите поединечни категории на натпреварот на локалниот портал, како и во бодовната состојбата на другите портали
(Први меѓу еднаквите>Резултати). На истото место ќе добиете информации за Вашата актуелна дневна или вкупна класификација и податоци за собрани поени во сите класификации.

Податоците за дневниот и вкупниот збир на поени, исто така ќе бидат на располагање во контролорот на играта, кој ќе биде лоциран на видливо место во десниот агол на порталот, односно екранот.
Истиот контролор ќе обезбеди увид во последните 50 активности кои им донеле поени на натпреварувачите (време на активноста, наслов на активноста и заработени поени).

Сите добитници по завршувањето на натпреварот (викендот помеѓу 17 и 21 јуни 2013 година) ќе добијат барање преку е-пошта од организаторот на натпреварот да доставaт лични податоци (име и презиме, број на телефон и адреса на живеење).Испраќањето на наградите од организаторот и неговите партнери се очекува да започне по 24 јуни 2013 година.

## 5. Листа на активности кои носат поени

Во следната табела се наоѓаат активностите кои на натпреварувачите им носат поени во дневната и вкупната класификација. Секоја активност е кратко објаснета.

| | |
|---|---|
| **Регистрација на порталот**<br>Корисникот кој за време на наградната игра ќе се регистрира како член на порталот Рингераја.мк, добива 50 поени за зачленување, но не добива дополнителни поени за најава на порталот, бидејќи истите се вклучени во зачленувањето. | **50 поени** |
| **Најава на порталот**<br>Доколку корисникот се пријави најмалку еднаш дневно на порталот, добива 5 поени. За пријавен на порталот ќе се смета секој член кој во текот на натпреварувањето дневно ќе го посети порталот. | **5 поени** |
| **Отворање нова тема на форумот**<br>За секоја новоотворена тема на форумот, корисникот добива 5 поени. Организаторот го задржува правото да го дисквалификува секој натпреварувач, за кој ќе утврди дека отворал нови теми исклучиво заради освојување на поени. Во случај на несоодветна тема, модераторите се задолжени за бришење на истата, а со тоа се бришат поените на корисникот и на порталот. | **5 поени** |
| **Коментар на тема во форумот**<br>Секој нов коментар на тема во форумот, без разлика на датумот на објава на темата (се сметаат и оние теми кои биле отворени пред да почне натпреварувањето) на авторот на темата му носи 7 поени. Коментарите од авторот во истата тема не се сметаат за добиени коментари, туку за дадени коментари (подолу - Даден коментар во форумот) | **7 поени** |
| **Креирање нов албум**<br>Секој нов албум на порталот, кој корисникот ќе го креира во текот на натпреварувањето, со најмалку 10 фотографии во него, носи 15 поени. | **15 поени** |
| **Добиен коментар на албумот**<br>Секој нов, разумен коментар на албумот кој го креирал корисникот, без разлика на датумот на објава (се сметаат и оние кои биле креирани пред да почне натпреварувањето) на авторот на албумот му носи 10 поени. Коментарите од авторот на албумот не се сметаат за добиени коментари, туку за дадени коментари (подолу - Даден коментар на албум) | **10 поени** |
| **Запис во дневникот**<br>Секој нов запис во дневникот за време на натпреварувањето кој содржи фотографија или видео и е видлив не само за авторот, туку за корисниците, носи 15 поени за натпреварувачот.<br>Организаторот го задржува правото да ги избрише сите записи, кои се со единствена цел собирање на поени и немаат вредност за посетителите на порталот објективно. Со тоа, се бришат поени за авторот и за порталот. | **15 поени** |
| **Додадена фотографија во дневникот**<br>Доколку натпреварувачот за време на натпреварувањето избере нова прифил фотографија за | **7 поени** |

| | |
|---|---|
| својот дневник, добива 7 поени. Се смета само првата промена на постоечката профил фотографија. | |
| **Добиен коментар на дневник**<br>Секој нов коментар на дневникот кој го креирал корисникот, без разлика на датумот на објава (се сметаат и оние дневници кои биле креирани пред да почне натпреварувањето) на авторот на дневникот му носи 10 поени. Коментарите од авторот на дневникот не се сметаат за добиени коментари, туку за дадени коментари (подолу – Даден коментар на дневник) | **10 поени** |
| **Даден коментар во форумот**<br>Секој коментар кој натпреварувачот ќе го даде на темите во форумот, носи 3 поени. Организаторот на натпреварот го задржува правото да го дисквалификува секој натпреварувач за кој ќе утврди дека дал премногу коментари со единствена цел за собирање поени. | **3 поени** |
| **Даден коментар на албум**<br>Секој коментар на албумите кој ќе го даде натпреварувачот, носи 7 поени. Организаторот на натпреварот го задржува правото да го дисквалификува секој натпреварувач за кој ќе утврди дека дал премногу коментари со единствена цел собирање поени. | **7 поени** |
| **Даден коментар на статија**<br>Секој коментар на некоја статија на порталот, кој ќе го даде натпреварувачот, носи 5 поени. Организаторот на натпреварот го задржува правото да го дисквалификува секој натпреварувач за кој ќе утврди дека дал премногу коментари со единствена цел собирање поени. | **5 поени** |
| **Даден коментар на дневник**<br>Секој коментар на дневник кој ќе го даде натпреварувачот, носи 7 поени. Организаторот на натпреварот го задржува правото да го дисквалификува секој натпреварувач за кој ќе утврди дека дал премногу коментари со единствена цел собирање поени. | **7 поени** |
| **Статус на Моја Рингераја**<br>Доколку во текот на натпреварот, корисникот барем еднаш дневно постави статус на својот личен профил – Моја Рингераја, добива 3 поени. | **3 поени** |
| **Даден Facebook Like**<br>Секој Facebook Like даден на содржините на порталот, носи 10 поени. | **10 поени** |
| **Споделување на содржините- Facebook Share**<br>Секој искористен Facebook Share, односно споделување на содржините, на натпреварувачот му носи 25 поени. | **25 поени** |
| **Испраќање покана за пријателство**<br>Кога натпреварувачот во текот на натпреварот ќе испрати покана за пријателство, му следуваат 5 поени. Натпреварувачите може да бараат пријатели со помош на Friend Finder во склоп на Моја Рингераја. | **5 поени** |
| **Прифаќање покана за пријателство**<br>Кога натпреварувачот ќе прифати покана за пријателство, добива 3 поени. | **3 поени** |
| **Отворање анкета**<br>За секоја нова анкета која ќе ја објави корисникот на порталот, добива 7 поени.Организаторот на натпреварот го задржува правото да го дисквалификува секој натпреварувач за кој ќе утврди дека објавил премногу анкети со единствена цел собирање поени. | **7 поени** |
| **Пријава за уреднички newsletter**<br>Корисникот кој за време на натпреварувањето се пријави за месечен уреднечки е-весник, добива 10 поени. Поените важат само за новите пријави. | **10 поени** |
| **Пријава за е-новости за бременост**<br>Корисникот кој за време на натпреварувањето се пријави за е-новости за бременост, добива 35 поени. Поените важат само за нови пријавувања. | **35 поени** |
| **Пријава за е-новости за детски развој** | **35 поени** |

| | |
|---|---|
| Корисникот кој за време на натпреварувањето се пријави за е-новости за детски развој, добива 35 поени. Поените важат само за нови пријавувања. | |
| **Винчини производи**<br>За време на натпреварот низ порталот случајно ќе се прикажуваат икони од производи на Винчини кој е наш спонзор и тоа: **лепче намачкано со Алми крем**, **Винчини лого**, **мафинче со Алми мафин лого** и **Тортина плус**, кои натпреварувачот ќе може да ги собира со клик (претходно треба да е најавен на порталот). За секое иконче Винчини производ се добива 1 поен. | **1 поен** |
| **Винчини пакет**<br>За секои 100 собрани Винчини производи или Винчини пакет, нашиот спонзор ви додава бонус 50 поени. | **50 поени** |
| **Специјална Алми кравичка**<br>Алми кравичката не носи екстра поени, туку на натпреварувачот кој ќе ја пронајде автоматски му носи дневна награда. Алми кравичката ќе се појавува на порталот во непознато време и на непознато место. Членот кој прв ќе ја пронајде добива награда. | **награда** |

* Забранети, несоодветни теми:

Секоја отворена тема на форум, треба да има одредена вредност (корист) за корисниците на порталот. Ако за време на натпреварот се отвори тема за која модераторите сметаат дека е несоодветна, истата ќе биде избришана. Пример за несоодветни теми се теми кои се наменети само за собирање поени (игри на асоцијации, одбројување, загатки и сл.)

## 6. Награден фонд

**Дневни награди за поединци**

- Секој ден од натпреварот ќе бидат доделени награди на 5 натпреварувачи со најмногу собрани поени, без оглед на тоа како се заработени, 3 кандидати со најмногу собрани поени заработени од користење на порталот и 3 кандидати со најмногу собрани поени, заработени од собирање на Винчини производи.

- На бодувањето и рангирањето на натпреварувачите ќе се земе во предвид и хиерархијата, односно класификацијата на натпреварувачот во секој ден (највисоко класифициран ќе биде оној натпреварувач со собрани поени од сите натпреварувачки точки, потоа натпреварувачот со најмногу собрани поени од употребата на порталот и натпреварувачот кој собрал најмногу поени од собирање Винчини производи, како и податокот дали натпреварувачот веќе освоил дневна награда или не.

- Доколку натпреварувачот собере доволно поени за да се квалификува како победник во две или три категории, автоматски му припаѓа наградата во категоријата која е прво рангирана, а во другите категории се наградува натпреварувачот кој е едно место зад него. Во секој натпреварувачки ден ќе се добијат по 11 различни натпреварувачи, кои добиле награда во некоја категорија.

- Секој натпреварувач може дневно да освои само една награда. Ова значи дека по освојувањето на било која секојдневна награда, конкурентот нема да се најде два пати меѓу

натпреварувачите кои освоиле награда, без оглед на тоа дали има доволен број на поени. Освоените дневни поени ќе имаат влијание врз неговиот ранг во вкупниот број на поени.

**Дневните награди ги доделува нашиот спонзор Винчини, а тоа се АЛМИ ПАКЕТЧИЊА со Алми производи и Алми боенки, метра, распореди. Сите дневни награди се идентични.**

**Главни награди, поединци**

- Главните награди се доделуваат на конкурентите кои ќе соберат најмногу поени во генералниот пласман во петте натпреварувачки денови. Наградени ќе бидат 10 натпреварувачи со најголем број на собрани поени (од сите натпреварувачки точки), 5 натпреварувачи со најголем број на собрани поени, заработени од користење на порталот и 5 натпреварувачи со најголем број на собрани поени од собирање на Винчини производи.

- На бодувањето и рангирањето на натпреварувачите во целокупниот пласман се зема во предвид хиерархијата (највисоко класифицирани се натпреварувачите кои ги заработиле поените од користење на сите натпреварувачки точки, потоа натпреварувачите кои поените ги заработиле од користење на порталот и на крај натпреварувачите кои поените ги заработиле со собирање на Винчини производи.

- Ако натпреварувачот собере доволно поени за да се квалификува како победник во две или три категирии, автоматски ќе биде награден во прво рангираната категорија, а неговото место во преостанатите категории ќе го заземе натпреварувачот кој е зад него. Главни награди добиваат 20 различни натпреварувачи.

**Главните награди ги доделува нашиот спонзор Винчини, а тоа се ГООООЛЕМИ ВИНЧИНИ И АЛМИ ПАКЕТИ со многу слатки задоволства. Сите главни награди се идентични.**

**Специјални секојдневни награди за поединци**

- Специјалните секојдневни награди автоматски ќе бидат доделувани на пронаоѓачите на СПЕЦИЈАЛНАТА АЛМИ КРАВИЧКА.

- Може да се случи во некој од натпреварувачките денови да не биде пронајдена Алми кравичката. Во тој случај наградата останува слободна и може да се прераспредели за друг ден.

**Специјалните награди ги доделува нашиот спознор Винчини, а тоа се ВИНЧИНИ ПАКЕТИ ПРОИЗВОДИ со многу слатки задоволства. Сите специјални награди се идентични.**

## 7. Собирање и употреба на податоците

Собраните лични податоци во врска со натпреварот ќе се користат само за целите за кои се добиени и ќе се чуваат во согласност со важечкото законодавство. Со цел за обезбеддување повисок степен на корисничко искуство, корисниците можат да побараат да инсталираат дополнително колаче. Корисникот ќе биде известен и ќе биде побарана дозвола. Без авторизација на колачето, тоа не се инсталира, а со тоа ни дополнителната функционалност на системот.
Учесникот, неговиот законски застапник или полномошник, во секое време може да се откаже од согласноста за употребата на лични информации, заради цели на директен маркетинг.

Дану Медиа
Скопје, 03. 06. 2013